Врз основа на член 2 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на признанија и статуетка на Манифестацијата, -Избор на најдобар спортист на годината на Општина Кисела Вода.“ бр: 09-11301/7 од 10.12.2025 година, Општина Кисела Вода објавува:

# О Г Л А С

**За ,,Избор на спортист на годината на Општина Кисела Вода“**

Општината Кисела Вода ги повикува сите заинтересирани спортисти, спортски клубови, спортски здруженија, спортски и образовни институции, кои егзистираат во Општината Кисела Вода и со своите програми и активности придонесуваат за развојот на спортот и физичката култура кај децата и младите на територијата на општината Кисела Вода, да се пријават на Огласот за ,,Избор на спортист на годината на Општина Кисела Вода“.Апликантите кои во тековната 2025 година постигнале спортски успеси и запазени резултати да аплицираат за следните апликации:

I Номинации

1.Спортист на годината (мажи);

2.Спортист на годината (жени);

3. Спортист на годината ( категорија лица со попреченост);

4. Најдобра екипа во машка сениорска конкуренција;

5.Најдобра екипа во женска сениорска конкуренција;

6.Најдобар млад спортист;

7.Најдобра млада спортистка;

8.Најдобра екипа во млади категори;

9.Тренер на годината;

10. Спортски работник на годината;

11. Наставник по физичка култура на годината;

12. Подвиг на годината

II Документација потребна за апликација за секоја номинација

1. Номинациите: спортист на годината (мажи), спортист на годината (жени), најдобар млад спортист и најдобра млада спортистка, треба да ги достават следните документи:

-Пополнета Пријавата која се наоѓа на ВЕБ страната на Општината Кисела Вода.

-Треба да се со место на живеење во Општината Кисела Вода (доказ, важечка лична карта, доколку се малолетни копија на лична карта од родителите).

-Треба да се достави кратка биографија (спортско сиви) во која ќе се потенцираат остварените спортски резултати во 2025 година.

- Спортското остварувањето (резултат) за 2025 година треба да биде поткрепено со диплома за освоениот резултат, со доказ од соодветната спортска федерација, како и од други институции .

2.Номинациите: спортски работник на годината, тренер на годината треба да ги достават следните документи:

-Пополнета Пријавата која се наоѓа на ВЕБ страната на Општината Кисела Вода.

--Треба да се достави кратка биографија (спортско сиви) во која ќе се потенцираат остварените спортски резултати во 2025 година со спортските клубови кои се регистрирани и извршуваат дејност спорт на територијата на Општина Кисела Вода, или осввариле значајни спортски резултати со репрезентативните селекции.

- Спортското остварувањето (резултат) за 2025 година треба да биде поткрепено со диплома за освоениот резултат, со доказ од соодветната спортска федерација, како и од други институции .

3.Номинација наставник по физичка култура на годината треба да ги исполни следните правила:

--Пополнета Пријавата која се наоѓа на ВЕБ страната на Општината Кисела Вода.

--Треба да се достави кратка биографија (спортско сиви) во која ќе се потенцираат остварените наставни програми за 2025 година.

--Да се достави мислење од директорите на соодветните образовни институции на територијата на Општина Кисела Вода,како и потврда дека апликантот е вработен во истата образовна институција.

4.Номинациите, најдобра екипа во машка сениорска конкуренција, најдобра екипа во женска сениорска конкуренција, најдобра екипа во млади категории, треба да ги исполнат следните правила:

-Пополнета Пријава која се наоѓа на ВЕБ страната на Општината Кисела Вода.

-Треба своите спортски активности да ги реализирале на територијата на Општина Кисела Вода ( доказ закупен договор во сала или игралиште и слично). Да се регистрирани во Општина Кисела Вода. Да имаат решение за вршење дејност спорт од Министерството за спорт (или од Агенцијата за млади и спорт доколку не се пререгистрирани

-Треба да се достави кратка биографија (спортско сиви) во која ќе се потенцираат остварените спортски резултати во 2025 година, поткрепено со доказ од соодветната спортска федерација.

5. Номинација, подвиг на годината треба да ги исполнува следните правила:

-Пополнета Пријава која се наоѓа на ВЕБ страната на Општината Кисела Вода.

-Апликантот, спортист, треба да е со место на живеење во Општината Кисела Вода (доказ, важечка лична карта, доколку е малолетен, да се достави копија на лична карта од родителите).

- Апликантите, спортски клуб, спортско здужение, спортска институција, треба да се регистрирани во Општина Кисела Вода.

-Апликантите спортски работници,спортски рекреативци и други граѓани треба да се со место на живеење во Општина Кисела Вода.

-Треба да се достави кратка биографија (спортско сиви) во која ќе се потенцираат остварените спортски достигнувања во 2025 година, поткрепено со доказ од соодветната спортска федерација.

6. Номинацијата спортист на годината (лица со попреченост).

-Пополнета Пријавата која се наоѓа на ВЕБ страната на Општината Кисела Вода.

- Треба да се со место на живеење во Општината Кисела Вода (доказ, важечка лична карта, доколку се малолетни копија на лична карта од родителите).

-Апликацијата со номинација на спортисти може да ја поднесат Здруженијата за лица со попреченост, спортски федерација, спортски клуб и соодветните институции за лица со попреченост.

-Треба да се достави кратка биографија (спортско сиви) во која ќе се потенцираат остварените спортски резултати во 2025 година, поткрепено со доказ од соодветната спортска федерација

**II Постапка за избор на номинациите на проектот ,,Избор на спортист на годината на Општината Кисела Вода“ за спортистите, спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции, кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Кисела Вода.**

-На јавниот оглас можат да се пријават сите спортисти со место на живеење на Општина Кисела Вода, спортски клубови, и спортски здруженија кои се регистрирани и вршат дејност спорт во Општина Кисела Вода под услови утврдени со позитивните законски прописи и Правилник бр: 09-11301/7 од 10.12.2025 година.

- Потребната документација за учество на огласот се доставува во архивата на Општината.
- Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај“ и со назнака „ Пријава за Оглас за ,,Избор на спортист на годината на Општина Кисела Вода“ “и бројот на повикот.
- Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.
- Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице.
- Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисија формирана од Градоначалникот, без присуство на пријавените кандидати.
- Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите.
- На избраните субјекти Општината ќе им додели статуетка и признание..

Рокот за пријавување започнува од 22 декември (понеделник) и трае 5 дена, од објавувањето на Огласот на ВЕБ страната на Општината.. Пријавите со целокупната документација се доставуваат лично во архивата на Општината Кисела Вода ул“Петар Делјан” бр. 17,.со назнака: Пријава за јавен оглас за Избор на спортист на годината на Општина Кисела Вода - Комисија). или по пошта на адреса: Општина Кисела Вода, ул. ,,Петар Делјан бр.17“

**Пријавата и образецот со упатство за пополнување се достапни на веб-страната на општината:www.kiselavoda.gov.mk.**

**Број -_______**

**од _______ 2025 година**

**С к о п ј е**

**Комисија за ,,Избор на спортист на**

**годината на Општина Кисела Вода“**

П Р И Ј А В А

-За ,,Избор на спортист на годината на Општина Кисела Вода“

| 1. Податоци за апликантот |
|---|
| Име/ назив<br>На спортистот, спортскиот клуб, спортското здруженија, спортска институција, образовна институција и други, кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Кисела Вода |
| 2.Адреса: |
| 3.Телефон/е-адреса |
| 4.Спортски клуб (во кој настапува спортист апликант) |
| 5. Постигнати резултати на апликантот во 2025 година. |
| 6.Да се заокружи бројот на номинацијата за која конкурира апликантот:<br><br>1.Спортист на годината (мажи);<br><br>2.Спортист на годината (жени);<br><br>3. Спортист на годината ( категорија лица со попреченост); |

4. Најдобра екипа во машка сениорска конкуренција;

5.Најдобра екипа во женска сениорска конкуренција;

6.Најдобар млад спортист;

7.Најдобра млада спортистка;

8.Најдобра екипа во млади категори;

9.Тренер на годината;

10. Спортски работник на годината;

11. Наставник по физичка култура на годината;

12. Подвиг на годината

| |
|---|
| |
| 7. Дополнително да се достават соодветните документи согласно Огласот за ,,Избор на спортист на годината на Општина Кисела Вода“ |
| 8.Потпис ПЕЧАТ |
| Дата: |

И З Ј А В А

-За согласност за обработка на лични потатоци

Јас ____________________________ со оваа изјава, давам изрешна согласност, да се врши обработка (проверка) на моите лични потатоци за потребите на Огласот за Избор на најдобар спортист на годината на Општина Кисела Вода, се додека има потреба од нив, во согласност со Законот за лични податоци.

Го задржувам правото, во секое време да ја повлечам согласноста, истото да го дадам писмено или во друга форма.

Дата: Потпис

__________________________________________